**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.________________

__________________

СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по Известувањето за утврдена фактичка состојба бр. од 16.07.2025 година, а во врска со Барањето за поведување постапка за утврдување одговорност на М.С.М, судија на О.Г.С С, бр. од 28.05.2025 година поднесено од страна на Д. Т. И. Р. З. С, преку полномошник Д.А, адвокат од С., врз основа на член 63 став 7 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2019), на седницата одржана на ден 23.07.2025 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на М.С.М, судија на О.Г.С.С, бр. од 28.05.2025 година, поднесено од страна на Д. Т. И. Р. З. С, преку полномошник Д.А, адвокат од С.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Д. Т. И. Р. З. С, преку полномошник Д.А, адвокат од С, поднесено е Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на М.С.М, бр.од 28.05.2025 година.

Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на М.С.М, судија на О.Г.С С. е поднесено поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција по предметите ТС1 бр. и ТС1 бр., а согласно член 76 став 1 точка 4 од Законот за судовите -без оправдани причини не ги закажува рочиштата по предметите кои му се доделени во работа или на друг начин ја оддолговлекува постапката и точка 7 – намерно и неоправдано направи крупна професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата.

Во барањето се наведува дека М.С.М како судија на О.Г.С.С по поднесена тужба од тужителот донела решение ТС1 бр. од 15.11.2024 година со која тужбата на тужителот Д.Т.И.Р.З. против тужениот Г. АД С. се смета за повлечена, кое решение подносителот на претставката преку својот полномошник го примил на

28.11.2024 година и решение ТС1.бр. од 10.03.2024 година со кое тужбата на тужителот Д.Т.И.Р.З. против тужениот К. ЦО С. се смета за повлечена, а кое решение подносителот на претставката преку својот полномошник го примил на 08.04.2024 година.

Се посочува дека судијата во образложенијата на решенијата никаде не го споменува тоа што Д.Т.И.Р.З. во поднесените тужби на повеќе места со потемнети и зголемени букви напоменал дека како државен орган е ослободен од плаќање на судски такси согласно чл.10 од Законот за судски такси. Се потенцира дека судијата пред донесување на решението ТС1.бр. веќе имала на увид жалба од Д.Т.И.Р.З. од предметот ТС1.бр., токму на наведената околност, таа сепак не обрнала внимание на посочената одредба од членот 10 од Законот за судските такси.

Се наведува дека од страна на судијата во двете решенија е дадена погрешна правна поука за право на жалба со рок од 15 дена, а во случај кога рокот за жалба е 8 дена, согласно чл.471 ст.1 т.2 од ЗПП. Подносителот наведува дека по предметот ТС1.бр. судијата ја доставила жалбата на Д.Т.И.Р.З. до тужениот Г. АД С. на одговор, иако парницата воопшто не била почната, односно нема литиспиенденција согласно чл.184 ст.1 од ЗПП од причина што тужбата била отфрлена.

Подносителот смета дека судијата носи одлуки без должно внимание, без воопшто да ги прочита тужбите и процесните закони, без да ја види вредноста на утужените барања, што според него укажува на крајно неодговорно и несовесно постапување од нејзина страна.

Предлага да се поведе постапка за одговорност на судијата за повреда по член 76 став 1 точка 4 од Законот за судовите без оправдани причини не ги закажува рочиштата по предметите кои му се доделени во работа или на друг начин ја оддолговлекува постапката и точка 7 – намерно и неоправдано направи крупна професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата.

Во прилог кон барањето како предлог докази што треба да се изведат на расправата се доставени: Жалба од 16.04.2025 година изјавена против решение на О.Г.С С. ТС1.бр. од 10.03.2025; Тужба до О.Г.С.С од 16.10.2024 година; Решение на О.Г.С.С ТС1.бр. од 15.11.2024 година; Тужба од 13.01.2025 година; Решение на О.Г.С.С ТС1.бр. од 10.03.2025 година и Жалба од 05.12.2024 година против решение на О.Г.С.С ТС1.бр. од 15.11.2024 година.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 524-та седница одржана на ден 04.06.2025 година, согласно член 63 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, по пат на ждрепка донесе одлука со која се формира Комисија на известители.

Комисијата на известители не го отфрли барањето за утврдување на одговорност на судијата и врз основа на одредбата од член 63 став 7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија до Советот достави Известување за утврдена фактичка состојба.

На седницата одржана на ден 23.07.2025 година, Советот по разгледување на барањето за поведување на постапка за одговорност на судија, доказите и

Известувањето на Комисијата на известители  утврди дека барањето се однесува по однос на тоа дека Д.Т.И.Р.З како државен орган бил ослободен од плаќање на судски такси согласно чл.10 од Законот за судски  такси, но ваквите наводи се неосновани од причина што Д.Т.И.Р.З. не е државен орган согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, каде во член 12 од посочениот закон таксативно се наведени самостојните органи на државната управа, а согласно Законот за технолошки индустриски развојни зони, посочената Д. има својство на правно лице, но истата не е државен орган и никаде во овој закон не е предвидено дека е ослободена од плаќање на судски такси.

Советот смета дека барањето е очигледно неосновано по однос на наводот во барањето  дека согласно  чл.471 ст.1 т.2 од ЗПП, рокот за жалба бил 8 дена, а не 15 дена, како што навела судијата во правната поука на решенијата од причина што самиот факт што дадениот рок е подолг од предвидениот, укажува на тоа дека не е на штета на странките, туку е во нивен прилог, така што не е повредена посочената одредба од законот.

Ова дотолку повеќе што одлуките  ќе бидат предмет на оценка на повисок суд во жалбена постапка кој ќе ги цени наводите на подносителот, а со оглед да предметите се во жалбена постапка по изјавена жалба.

Доколку се има предвид одредбата од член 76 став 1 точка 7 од Законот за судовите каде е предвидено дека под нестручно и несовесно вршење на судиската функција се подразбира незадоволителна стручност или несовесност на судијата што влијае  на квалитетот и ажурноста во работењето и тоа, ако судијата намерно и неоправдано направи крупна професионална грешка, при што како исклучок се зема различното толкување на правото и фактите, според Судскиот совет не може да претставува основ за утврдување одговорност на судијата, особено што рокот за жалба не е на штета на странките, односно во конкретниот случај даден е подолг, а не пократок рок во правната поука и со тоа воопшто не е ускратено правото на жалба.

Врз основа на сето погоре наведено, Советот утврди дека во конкретниот случај не се утврдени околности кои би укажале на нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на посочениот судија, поради што се одлучи како во изреката на оваа одлука.

Одлучено во Судски совет на Република Северна Македонија на 23.07.2025 година.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**м-р Александар Камбовски**

**ДН:**
-подносител
-архива